**ПРЕДЛОГ ОДЛУКА**

Врз основа на член 455 и 456 од Законот за трговски Друштва, Собранието на седницата одржана на ден 12. 09 2015 година, со мнозинство гласови од претставените акционери на собранието со право на глас донесе

# О Д Л У К А

## ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ГОЛЕМА ЗДЕЛКА

I

Се одобрува склучување и реализација на голема зделка на Фабрика за заварени цевки и профили 11 ОКТОМВРИ Акционерско друштво Куманово со Друштво за градежништво и трговија Квалитет-Пром ДООЕЛ Куманово увоз-извоз Куманово и тоа Договор за заем, Договор за деловна соработка за купопродажба на репроматеријали и Договор за деловна соработка за купопродажба на производи од програмата на ФЗЦ, кои се составен дел на оваа Одлука.

Кумулативната вкупна вредност на меѓусебно поврзаните зделки изнесува 1.100.000.000 денари што претставува голема зделка.

II

Се утврдува дека страните во зделката се Друштво за градежништво и трговија Квалитет-Пром ДООЕЛ Куманово увоз-извоз Куманово и Фабрика за заварени цевки и профили 11 ОКТОМВРИ Акционерско друштво Куманово.

Се утврдува дека наведената зделка на износ од 1.100.000.000 денари е над 20%, но не повеќе од 50% од книговодствената вредност на имотот на друштвото според последните ревидирани финансиски извештаи на друштвото и според одредбите на ЗТД ова е голема зделка која потпаѓа под правилата за одобрување на голема зделка.

Се потврдува дека се исполнети условите за полноважно одлучување и донесување на оваа Одлука огласно одредбите на Законот за трговските друштва и Статутот на друштвото.

Се овластува и задолжува, Извршниот директор при Одборот на дирктори на ФЗЦ 11 ОКТОМВРИ АД КУМАНОВО, да ги склучи и да ги реализира договорите по правосилноста на оваа Одлука.

III

Оваа Одлука за одобрување на голема зделка и склучување и реализација на договорите, влегува во сила со денот на донесувањето.

12.09.2015

КУМАНОВО

ПРЕТСЕДАВАЧ,

------------------------